*ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ ( ПСОф )*

- Валута:

*МКД*

- Платежни услуги:

***Сите платежни услуги, со исклучок на дозволено пречекорување***

- Отварање:

***Во експозитурите на Банката***

| Општо за ПСОФ | Отворање на ПСОФ | Документи за ПСОФ |
|---|---|---|

***Општо за ПСОФ***

**Платежна сметка со основни функции (ПСОФ) е сметка за резиденти физички лица, отворена во денари преку која се вршат следниве основни платежни услуги:**

- Уплата и исплата на готовина од сметката,
- Кредитни трансфери преку електронските сервиси и шалтерите на банката, вклучувајќи и трајни налози,
- Трансакции со дебитни и кредитни картички.

**И уште:**

- На сметката може да се издаде дебитна картичка, преку која со средствата се располага 24/7,
- Достап до сметката преку електронските сервиси на банката “MYUnibank”,
- Достап до сметката преку шалтерите во сите експозитури на банката.

**Дополнителна информација**

- Платежна сметка со основни функции не смее да користи дозволено пречекорување,
- Платежна сметка со основни функции клиентот може да има само една во билокоја банка на територија на Република Северна Македонија,
- Кога клиентот има отворено една платежна сметка со основни функции во денари, не смее да има друга платежна сметка во денари. Важи за банките на територија на Република Северна Македонија,
- Клиентот располага со минимум 5 (пет) бесплатни интерни кредитни трансфери, вклучувајќи и трајни налози,
- Надоместоците и провизиите се во согласност со Тарифата на банката. Месечниот надоместок е усогласени со Законот за платежни услуги и платни системи

***Отворање на ПСОФ***

- **Платежна сметка со основни функции (ПСОФ) може да се отвори во сите експозитури на банката**

***Најчести прашања***

***Каде може да се отвори платежна сметка со основни функции?***

Платежна сметка со основни функции (ПСОФ) може да се отвори во сите експозитури на банката. Платежна сметка со основни функции (ПСОФ) не може да се отвори преку електронските сервиси на банката.

***Кој може да отвори платежна сметка со основни функции?***

Физичко лице (Потрошувач) кој има законско престојувалиште во Република Северна Македонија и Потрошувач на кој му е одбиено барање за престој и чие напуштање на РСМ не е можно поради

правни или други практични причини, а нема отворено платежна сметка во Банката или во друга банка.

***Што е потребно за отворање на платежна сметка со основни функции?***

Физичкото лице потребно е да дојде во една од експозитурите на банката и да потпише:

- Апликација/Барање за отворање на платежна сметка со основни функции и користење на платежни услуги
- Изјава со која под морална и материјална одговорност тврди дека нема отворено друга сметка во билкокоја банка на територијата на Република Северна Македонија.

Ако станува збор за корисник на право, кој е дефиниран со Законот за платежни услуги и платни системи, со Барањето и Изјавата, потрошувачот треба да достави и Потврда/Решение издадена/о од соодветниот орган кој го доделува и регулира користењето на соодветното право, не постара/о од 1 (една) година.

***Во кој рок се отвора сметката?***

Банката ја отвора или го одбива отворањето насметката во рок од 10 (десет) работни дена. Во случај на одбивање, за истото го известува клиентот.

***Во која валута може да се отвори сметката?***

Сметката се отвора исклучиво во денари.

***Колкав е месечениот надоместок за работење со сметката?***

- Месечниот надоместок за платежна сметка во денари со основни функции е 0,1% од подвижниот просек на просечната месечна исплатена нето плата во земјата за претходните 12 месеци.
- Месечен надоместок за платежна сметка со основни функции за корисници на права не се пресметува и не се наплатува.

***Права дефинирани согласно Законот за платежни услуги и платни системи, кои им овозможуваат на потрошувачите да користат ПСОФ без месечен надомест?***

- законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката,
- надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување;
- парична помош од социјална заштита,
- привремена невработеност,
- додаток на деца и
- стипендија, кредит и помош на ученици и студенти.

***Документи за ПСОФ***

***Документи***

- Апликација/Барање за отварање и користење на платежни услуги која содржи Изјава за отворање на Платежна сметка со основни функции,
- Тарифник за услугите кои важат за платежна сметка со основни функции,
- Поимник на термини поврзани со платежната сметка со основни функции.

***Општи услови***

- Општи услови за користење на платежни услуги,
- Поимник на термини поврзани со Општите услови,
- Општи услови за користење на услуги во електронските сервиси на УНИБанка.